

ПРОФ. Д-Р **ДРАГОЉУБ АРСОВСКИ**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА

# ЗА ДОБРИ И ПРОФИТАБИЛНИ ПРОЕКТИ ВРАТИТЕ С СЕКОГАШ ОТВОРЕН






**Точно е дека денес банките располагаат со висок процент на ликвидни средства. На ниво на банкарски систем овој процент достигнува и до 30% од вкупната актива, што укажува на можноста да се поддржи кој било профитабилен проект што ќе биде предложен. Но, мора да се напомени дека банките имаат обврска да обезбедат и сигурност за депонентите. Затоа сметам дека сите поплаки за отежнат пристап до банките за кредитирање треба да се анализираат индивидуално и дека треба да нè загрижи само ситуацијата кога успешните компании би се пожалиле на тоа**

БИЉАНА ЗДРАВКОВСКА СТОЈЧЕВСКА
zdravkovska@kapital.com.mk

**ТТК банка работеше позитивно во 2010 година и првата половина на 2011 година? За разлика од 2009 и 2008 година, кога работеше банката со загуба, изминатата 2010 година работевте со профит.**

Да, ТТК банка оствари позитивни финансиски резултати на крајот од минатата година и со иста динамика продолжува и во овој шестмесечен период од годинава. Тоа е последица на сет од повеќе елементи, и тоа: реализација на добро утврдената Стратегија за развој на банката, успешната реорганизација на банката која ја спроведовме во 2009 година, менаџерското и кадровско преструктурирање, нова организациона поставеност и функционалност, зајакнување на системот на корпоративна одговорност; воведување нови, современи техники и технологии во секојдневното оперативно работење, стриктно почитување на супервизорските стандарди и модерните принципи на банкарското работење, како и секојдневно брзо и ефикасно прилагодување на условите на пазарот и на потребите на нашите коминтенти. Овде посебно сакам да ја истакнам целосната посветеност и напорната работа на тимот со кој раководам и на желбата за остварување заеднички колективен успех.

**Колку и како должничката криза во Европа влијае врз работењето на ТТК банка и на целиот банкарски систем? Дали банките во Македонија се здрави и стабилни?**

Поради нивото на развиеност на нашиот банкарски систем особено на страната на понудата, тој па и воопшто финансискиот сектор во Р. Македонија ги избегна директните влијанија на големата економска криза. Од друга страна, преземените мерки во делот на монетарната политика од страна на НБРМ влијаеја за промените во кредитните политики кај сите банки, во насока на зајакнување на конзервативниот пристап, со што банкарскиот сектор успешно ги совлада и индиректните влијанија на економската криза, кои беа последица на намалената активност и солвентност во реалниот сектор. Се даде приоритет на принципите на стабилност и ликвидност за сметка на профитабилноста во работењето, но тоа е минималниот ризик кој банките мораа да го преземаат во налетот на кризата. Работењето на ТТК банка во вакви услови не се разликува од работењето на банкарскиот систем во целина. Имаме висока адекватност на капиталот, високо ликвидна актива и реално утврдени параметри на планиран раст. Се обидуваме да изградиме или да ја одржуваме воспоставената висока заемна соработка и доверба со нашите коминтенти, која значи заемно разбирање на условите и амбиентот во кој работиме.

**Еден од најголемите акционери во ТТК банка е и Европската банка за обнова и развој? Што значи тоа за банката?**

ЕБОР е сопственик на 25% од капиталот на банката, и како институционален инвеститор има исклучително позитивно влијание врз процесите на институционалното јакнење на банката во изминативе 5 години. Во почетокот помошта на ЕБОР била преку поддршката на консултантска куќа од надвор, која даде свој придонес во развојот на процесите со кои се имплементираат европските принципи и организација на работата. Денес ЕБОР активно е присутна преку директно учество во највисокиот менаџмент на банката. Тука е колегата Питер Молдерс, банкар со богато банкарско искуство, со кој заеднички ги предлагаме или донесуваме сите тековни и развојни документи потребни за функционирањето на ТТК банка. Се разбира не треба да се исклучи и помошта што ЕБОР ја даде, преку користењето на посебната кредитна линија за ТТК банка за развој на мали и средни претпријатија како и преку кредитната линија од ЕФСЕ – фонд за развој, исто така, на мали и средни претпријатија каде што ЕБОР е еден од осоновачите.

## КОМПАНИИТЕ МАЛКУ ИНВЕСТИРААТ

**Во каква состојба се компаниите во**

**Македонија? Се чувствува ли неликвидноста повеќе преку проблеми во враќањето на кредитите?**

Македонската економија е мала и затворена економија. Освен неколкуте извозни производи во делот на црната металургија, примарното земјоделско производство и фармацевтската индустрија, останатата структура на реалната економија е свртена кон увозот и е многу зависна од екстерни влијанија. Во оваа смисла, со намалувањето на бизнисот на странските пазари стасуваат и ликвидносните проблеми кај нашите компании. Во последно време компаниите малку инвестираат, па инвестиционите кредити се помалку застапени за сметка на кредитите за обртни средства со кои настојуваат да ја одржуваат ликвидноста. Во ситуација кога почна растот на нефункционалните кредити и зголемувањето на резервациите за нив, со помош на внатрешна реорганизација и целосна посветеност на проблемите, успеавме овој тренд да го запреме, а подоцна дури и да го претвориме во позитивен за банката.

**Бизнисмените сè почесто се жалат дека банките немаа слух за тешката ситуација во која се наоѓаат компаниите и целата економија и дека наместо да го олабават, го отежнаа пристапот до кредити? Каде е балансот?**

Точно е дека денес банките располагаат со висок процент на ликвидни средства. На ниво на банкарски систем овој процент достигнува големина и до 30% од вкупната актива, што укажува на можноста да се поддржи кој било профитабилен проект кој ќе биде предложен. Но, мора да се напомени дека банките имаат обврска да обезбедат и сигурност за депонентите што е основа при пласирање на кредитите, а за што, пак, банките имаат обврска континуирано да ги следат финансиските извештаи, функционирањето на компанијата на пазарот и квалитетот на обезбедувањето. И тоа е т.н. принцип на врзани садови во кој во различни циклуси од економскиот развој и во различни услови на економски раст се дава приоритет на страната на ризикот кој носи повисок профит или на страната на сигурноста која носи помал профит за банката. Затоа, сметам дека сите поплаки за отежнат пристап до банките за кредитирање, треба да се анализираат индивидуално и дека треба да нè загрижи само таа ситуација кога успешните компании би се пожалиле на тоа. Во ТТК банка за добри и профитабилни проекти вратите се секогаш отворени.

**Кои услови или мерки се потребни за да се олесни и зголеми кредитирањето на компаниите?**

Мора да бидеме искрени дека многу



## ТРИ "Е" И СЕДУМ "К" ЗА УСПЕШЕН МЕНАЏМЕНТ

**Кои се Вашите принципи во управувањето? Што е најважно за успешно раководење со некоја банка?**

Моите принципи на управување се комбинација на две димензии: пофесионалната и човечката димензија. Првата, професионалната е компонента составена од три "Е" принципи - економичност, ефикасност и ефективност, а втората човечката димензија е компонента составена од седум "К" принципи – карактерност, комуникативност, кооперативност, конструктивност, кретативност, култура и куражност. Настојувам јас прв да ги исполнам сите овие компоненти, а тоа го барам и од членовите на тимот со кој раководам. Секој кој е спремен да се придржува на овие принципи и компоненти може да биде член на тимот на ТТК банка. Всушност, доброто корпоративно управување во банкарството подразбира воспоставен успешен систем на утврдување на целите, донесувањето одлуки и соодветно следење на степенот на извршување на одлуките. Само така се создава повисока вредност и се обезбедуваат системи на одговорност и контрола, соодветни на преземениот ризик.

дадени предлози во изминатиот период од страна на банките до надлежните институции се прифатени и низ повеќе законски норми се имплементираат. Тоа што дополнително е потребно за зголемување на кредитирањето на компаниите е поврзано со цената на капиталот односно со каматата на кредитните производи. Значи, не можеме да очекуваме квалитетен раст на кредитна активност со високи каматни стапки. Овде сега се наметнува прашањето, а што е тоа што е потребно каматните стапки на кредитите да бидат пониски?. Е тука се судруваме со проблемот на испреплетување на големиот број пазарни, но и административни елементи кои влијаат на висината на цената на капиталот. За жал, постои т.н. пазарен дисбаланс меѓу административните фактори кои повеќе се насочени на страната на активата на банките отколку пазарните фактори кои се насочени на страната на пасивата на банките. Тој дисбаланс доведува до тоа голем дел од активата на банките да не може пазарно да се оплоди и влијае на порастот на цената на тој дел од слободната актива кој пазарно се оплодува. Тука мислам на: тезаурираниот паричен потенцијал на банките кои поради обезбедување на монетарна рамнотежа стои непазарно оплоден во форма на задолжителна резерва; на другиот реален потенцијал од лошите кредитокорисници кој поради долги судски, а многу често и непринципиелни процедури банките не можат да го ефектуираат; на потребата од даночна стимулација на инвестиционите активности поврзани со ефектуирањето на преземените средства во банките; на неразвиениот или административно ограничениот пазар на алтернативни извори на финансирање со кој би можело да се зголеми ефикасноста на банките; на најразличните административни барања во пресметковната или регулаторната поставеност на банкарскиот систем со кој се влијае на страната на трошоците во билансите на банките и на други мерки и активности кои би придонеле пазарниот дисбаланс меѓу активата и пасивата да се намали и да влијае позитивно на намалување на цената на кредитите во македонската економија.

**Двете политички партии во предизборниот период најавија субвенционирање на кредити за одделни намени. Што мислите за оваа идеја?**

Колку што ми е мене познато ваквите или можеби слични на овие идеи потекнуваат и од порано, но сега беа најпрецизно претставени и насочени особено кај секторот на населението. Инаку, еден вид на модел на субвенционирање на каматата со помош од државата за реалниот сектор е присутен и денес кај новата кредитна линија од ЕИБ чија прва транша банките веќе ја искористија. Најавите за субвенционирање, на пример, на станбените кредити се одличен начин на стимулирање на развојот на градежната индустрија, па и економијата воопшто, поради што треба да се изврши и соодветна анализа и предвидување на ефектите. Согласно со предлозите и пазарните цени за станбен простор ова ќе значи стимулирање на изградба и продажба на станови и во внатрешноста. Што се однесува до предлозите за субвенционирање на каматата за фирмите, доколку се почне со реализација на тие проекти потенцијално ќе значи зголемување на побарувањата за инвестициски кредити, а ќе има позитивно влијание на економијата. Но, сепак, за сите овие идеи и модели, последниот збор го има фискалната и буџетската политика кои од една страна ќе ја оценат издржаноста и можноста до кое ниво истите ќе се реализираат, а од друга страна можеби ќе предложат алтернативни форми на субвенционирање на кредитната политика преку формите на фискалната и даночната политика на државата од глобален или регионален аспект.

> Нашата стратегија на развојот се заснова на т.н. производен маркетинг, условен од потребите на потрошувачите. Ние сме реални и ние не сме во позиција да го диктираме развојот на банкарската индустрија во Македонија, но настојуваме да одиме побрзо во истиот. Во услови на изразена конкуренција, ТТК банка зазема проактивен пристап кон зголемување на задоволството на клиентите од понудените производи, од квалитетот и брзината на услугата која можат да ја добијат

## НАСТОЈУВАМЕ ПОБРЗО ДА СЕ РАЗВИВАМЕ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА

**Какви нови производи и услуги може да очекуваат граѓаните и фирмите од ТТК банка?**

Нашата стратегија на развој се заснова на примената на технологија на производен маркетинг, условен од потребите на потрошувачите. Ние сме реални и знаеме дека не сме во позиција да го диктираме развојот на банкарската индустрија во Македонија, но настојуваме да одиме побрзо во истиот. Во услови на изразена конкуренција ТТК банка зазема позиција на проактивен пристап кон зголемување на задоволството на клиентите од понудените банкарски производи и од квалитетот и брзината на услугата која можат да ја добијат. Редовно се врши анализа на состојбата на пазарот како и на барањата на корисниците. Работиме на развој на брза и квалитетна услуга која во денешно време е многу битна за корисниците при избор на банка. Преку самостоен развој на електронското банкарство, како и новите сервиси за информирање, корисниците на ТТК банка имаат можност за моментален увид во состојбата на сметките, да вршат плаќања, но и најбрзо да добијат информација преку СМС-пораки или преку имејл за секоја промена и извршена трансакција што придонесува до поголема сигурност во секојдневното користење на услугите. Како што може да се забележи во изминатиот период поинтензивно се работи и на креирање и понуда на различни производи за различни сегменти на корисници. Еве во моментов би го споменал новиот ВИП кредит за кој имаме голема заинтересираност.

**Во изминатите неколку години е евидентно силното брендирање на ТТК банка? Која беше целта на целосното ребрендирање на банката и како овој процес се прими во јавноста?**

ТТК банка иако потекнува од едни од најстарите банки во Македонија, сепак, под ова име работи само 5 години. Токму на 01 Јули 2006, ТТК банка настана со спојувањето на две банки – Тетовска и Тетекс Кредитна банка. Во меѓувреме работевме и на проширување на мрежата и моментално имаме 29 локации низ државата во кои висопрофесионално ги опслужуваме корисниците. Во услови кога се развива банкарскиот пазар во кој се вклучуваат звучни банкарски имиња од странство, ТТК банка како доминантно домашна банка тоа го следи со големо внимание и настојува стратешки да го гради сопствениот имиџ на стабилна банка, која навистина ја дава својата поддршка на тие на кои им е потребна. ТТК банка бележи најголем пораст на свесноста за рекламите на банката што се должи на таргетирана маркетинг-комуникација, избор на соодветни медиуми кои допираат до целната публика, но и користење директен маркетинг, кој се покажа како ефикасен. Независните истражувања на пазарот покажуваат дека ТТК банка во изминатиот период бележи подобри резултати на ова поле во споредба со другите банки, особено кога ќе се земе предвид и висината

# ОЧЕКУВАМ УМЕРЕНО РЕСТРИКТИВНА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА



**Каква монетарна политика очекувате да води новиот гувернер на Народната банка?**
Нема да кажам ништо ново ако речам дека монетарната политика ќе зависи од предизвиците со кои ќе се соочува македонската економија. Но, во секој случај очекувам во периодот што следува таа да биде стабилна - без шокови и умерено рестриктивна.

**Кои се најголемите предизвици за македонската економија?**
Најголемиот предизвик за македонската економија е тоа како да го најдеме патот преку кој долгогодишната монетарна рамнотежа, конечно да ја претвориме или ефектуираме во макроекономска рамнотежа преку пораст на БДП и обезбедување на квалитетна социјална рамнотежа со намалувањето на стапката на невработеноста. Во оваа смисла тоа што треба да биде мотив за домашната економија е примена на модел на макроекономска политика во која носечка сила ќе има т.н. проектен пристап. Мора да се искористат сите наши компаративни предности преку имплементација на специјално дизајнирани макроекономски проекти пред сѐ во: примарното, но и во секундарното земјоделско производство, кај малите и средни претпријатија, особено тие кои се извозно ориентирани, и кај компаниите кои произведуваат производи со вграден повисок степен на додадена вредност како, на пример, фармацевтската индустрија, производството на алтернативни домашни суровини кои ќе го заменат скапиот увоз и кај производството на алтернативни извори на енергија. На контото на државата ѝ остануваат инвестициите во крупните капитални објекти од областа на инфраструктурата и енергетиката.

на инвестицијата за комуникација со јавноста. Затоа сѐ повеќе корисници ја избираат токму ТТК банка.

**ТТК банка е вистински лидер во општествената одговорност во земјава. Кој е мотивот за ваквата стратегија?**
Со својата стратегија за општествена одговорност како кон заедницата така и кон вработените, ТТК банка настојува да поддржи и промовира вредности кои ги застапува и во своето работење: доверба, традиција, ентузијазам, искуство и знаење, иновативност, тимски дух и професионалност. ТТК банка во своето работење се грижи и делува за добросостојба на општеството во кое работи, и тоа на начин кој е високо видлив. Навременото објавување на информации достапни до надлежните институции и до корисниците како и транспарентноста во работењето се императив за ТТК банка. Поддршката кон заедницата се препознава во разни активности на спонзорства и донации на банката за што банката има добиено многубројни награди за општествена одговорност. ТТК банка е една од компаниите кои се основачи на Бизнис Лидерскиот Форум кој има за цел промовирање на општествената одговорност на компаниите во државата.

